## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 36-а став 10 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08 и 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА СТОПАНСКИ РИБОЛОВ, СОДРЖИНАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на испитот за стопански риболов, содржината на програмата за полагање на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит.

**Член 2**

Испитот за стопански риболов се спроведува во два дела и тоа теоретски дел и практичен дел.

Пред почетокот на испитот за стопански риболов, Комисијата за полагање испити го проверува идентитетот на кандидатите со увид во личната документација.

Теоретскиот дел на испитот за стопански риболов се спроведува со одговарање на 20 прашања од областа на рибарството во вид на тест со заокружување на еден од понудените одговори (по пет прашања од секоја област со одговори од член 3 став 1 на овој правилник). Вкупното времетраење на првиот дел од испитот инесува еден час.

Секој точен одговор се бодира со два поена.

Теоретскиот дел на испитот за стопански риболов се смета дека е положен со освоени најмалку 20 поени.

Практичниот дел на испитот за стопански риболов се спроведува усно по предходно положен теоретски дел на испитот со поставување на пет прашања.

Практичниот дел на испитот за стопански риболов се спроведува со препознавање на видови на риби и техники на риболов од приложени фотографии, како и практични примери од примената на законските прописи при вршење на риболовот и заштитата на рибите.

Секој точен одговор се бодира со два поена, а делумно точен со еден поен.

Практичниот дел на испитот за стопански риболов се смета дека е положен со освоени најмалку шест поени.

Испитот се смета за положен доколку кандидатот освои најмалку 26 поени.

**Член 3**

Програмата за полагање на испитот за стопански риболов ги опфаќа следните области:

1. Прописи од областа на рибарството;

2. Биологија на риби од риболовните води во Република Македонија;
3. Технички карактеристики на риболовните средства и нивна употреба и 4. Заштита на рибите во риболовните води.

**Член 4**

Уверението за положен испит за стопански риболов се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Уверението за положен испит за стопански риболов содржи: грб на Република Македонија, под него: "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО, УВЕРЕНИЕ ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА СТОПАНСКИ РИБОЛОВ, Му – и се издава уверение за положен испит за стопански риболов, име и презиме, датум и место на раѓање и место на живеење, архивски број на уверението и датум на издавање, место за печат и место за потпис на овластено лице.

Формата и содржината на образецот на уверението за положен испит за стопански риболов се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот за добивање уверение за вршење стопански риболов, формата и содржината на уверението за положен испит и испитот за добивање уверение за рибочувар формата и содржината на уверението за положен испит ("Службен весник на Република Македонија" бр. 188/14) и Правилникот за критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичка опрема на просториите за полагање на испитот за добивање уверение за вршење стопански риболов и уверение за рибочувар („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/14).

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 14-6773/6
17 септември 2018 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.

Прилог

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# У В Е Р Е Н И Е

## ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА СТОПАНСКИ РИБОЛОВ

Му – и се издава уверение за положен испит за стопански риболов

На лицето ________________________________________

Роден на _________________ во ____________________

Место на живеење ________________________________

Број ________________ Овластено лице

_______________ година М.П.

Скопје

_________________________